Комисијата за статут и прописи како постојана комисија на Советот на Општина Маврово и Ростуше, на седницата одржана на ден 31.03.2015 година, го утврди Пречистениот текст на Статутот на Општина Маврово и Ростуше.

Пречистениот текст на Статутот на Општина Маврово и Ростуше ги опфаќа: Статутот на Општина Маврово и Ростуше („Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше“, бр.03/2006), Измените на Статутот на Општина Маврово и Ростуше („Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше“, бр.06/2008), Статутарна Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Маврово и Ростуше („Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше“, бр.13/2010 и Статутарна Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Маврово и Ростуше („Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше“, бр.11/2014)

# СТАТУТ
# НА ОПШТИНА МАВОРОВО И РОСТУШЕ
## (пречистен текст)

## I – ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Општината Маврово и Ростуше (во понатамошниот текст: општината) е единица на локалната самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локалната самоуправа.

Правото на локалната самоуправа се остварува преку преставници во органите на општината и непосредно учество во одлучувањето.

**Член 2**

Граѓаните на Република Македнија кои имаат постојано место на живеење на подрачјето на Општината се жители на Општина Маврово и Ростуше.

Општината Маврово и Ростуше е основана и нејзиното подрачје е утврдено со Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија („Службен весник на РМ„ бр. 55/04).

Општината Маврово и Ростуше ги опфаќа подрачјата на населените места: Аџиевци, Беличица, Бибај, Битуше, Богдево, Болетин, Велебрдо, Волковија, Видуше, Врбен, Врбјани, Галичник, Грекај, Дуф, Жировница, Жужње, Јанче, Кичиница, Леуново, Лазарополе, Маврови Анови, Маврово, Нивиште, Ниќифорово, Нистрово, Ничпур, Ново Село, Орќуше, Присојница, Росоки, Ростуше, Рибница, Селце, Сенце, Сретково, Сушица, Тануше, Требиште, Тресонче и Церово.

**Член 3**

Општината е правно лице.

**Член 4**

Седиштето на општината е во с.Ростуше.

**Член 5**

Општината има право на сопственост на ствари, парични средства и права, кои се уредуваат со Правилник кој го носи Советот на Општината.

**Член 6**

Општината има грб и знаме.

Грбот на Општина Маврово и Ростуше е во облик на штит во чија основа во горниот дел се преставени планински врвови со највисокиот планински врв Голем Кораб, кои го преставуваат планинскиот карактер на општината, зелената боја го симбилозира природното богаство на општината со шуми и пасишта, во средината има скијачка патека, која го симболизира зимскиот туризам во општината, зелената боја го симболизира зимскиот туризам во општината и течен тек, кој ја симболизира рекатa Радика и во долниот дел се прикажани мостот Елен Скок кој го симболизира богатото културно историско наследство, симбол на градителска традиција и соживот на различните ентитети, турбината со симболизира хидро-енергетскиот потенционал на општината и сината боја го симболизира Мавровоското Езеро.

Знамето на Општина Маврово и Ростуше е поделено на две идентични половини, кои ги преставуваат двете здружени општини Маврови Анови и Ростуше, горната половина е со бела боја, која ги симболизира снеговите на планинските врвови кои се распостранети низ општината, а долната половина е со сина боја која го симболизира богаството со води во општината, на горниот и долниот дел се распоредени 42-те звезди, кои ги симболизираат 42-те населени места на општината, а воедно го симболизираат соживотот и заедништвото, сината боја на звездите ја симболизира вистината и моќта, додека жолтата боја на звездите ја симболизира честа и лојаноста. Во средината на знамето е втиснат грбот на општината. Односот на ширината и должината на знамето е ден спрема два.

**Член 7**

Општината има печат со тркалезна форма со пречник 3,2 сантиметри, во чија средина се наоѓа грбот на општината, кој ќе се утврди со посебна одлука и на чии рабови е испишано со текст на македонски јазик и на неговото кирилско писмо и на турски јазик и неговото латинско писмо се испишани зборовите: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ.

**Член 8**

Општината има свој штембил.

Штембилот има форма на правоаголен читириаголник во кој е испишан следниот текст: Во првиот ред има натпис: ,,РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,, , во вториот ред: ,,ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ“, а во третиот ред има натпис ,,Бр ________,, во четвртиот ред има натпис: ______, 200___ година и во петтиот ред има натпис ,,РОСТУШЕ,,.

Содржината на Штембилот е испишана двојазично на македонски јазик и неговото кирилско писмо и турски јазик и на неговото латинско писмо.

**Член 9**

Општината има свој празник.

Празник на Општината е 4-ти МАЈ.

**Член 10**

Општината може со одлука донесена од страна на Советот на општината да се здружува со здруженија во согласност со закон, а заради заштита и унапредување на заедничките интереси.

Општината заради остварување на заедничките интереси и вршење на заеднички работи од нивна надлежност може со други општини од Републиката да здружува средства и да формира заеднички јавни служби во согласност со закон.

Општината може да соработува и со единици на локална самоуправа на други земји како и со меѓународни организации на локалните заедници како и да членува во меѓународни организации на локалните власти.

**Член 11**

Општината може со пооделни градови во земјата и во странство со кои воспоставува соработка да ги прогласува за блиски општини и градови на Општина Маврово и Ростуше.

**Член 12**

Со овој Статут на Општината Маврово и Ростуше (во натамошниот текст: Општината), во согласност со закон, се уредуваат:

- општи одредби;
- надлежности на општината;
- организацијата и работата на органите на Општината;
- организацијата и работењето на комисиите на Советот на Општината;
- општинска администрација;
- акти на општината;
- вршењето на работите согласно начелото на супсидијарност;
- начинот на информирање на граѓаните и слободниот пристап до информации од јавен карактер;
- случаите на исклучување на јавноста од седниците на Советот на Општината;
- начинот и постапката за доставување претставки и предлози за работата на органите на Општината и постапување по нив;
- начинот на организирање јавни трибини, спроведување анкети, предлози од граѓаните и форуми на заедниците;
- начинот на објавувањето на прописите на Советот;
- начинот на извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба;
- месната самоуправа;
- начинот и постапката за утврдување и употреба на грбот и знамето на Општината;
- заштита на општината;
- службена употреба на јазиците и писмата во општината;
- постапка за измена и дополнување на Стаутот на општината;
- преодни и завршни одредби

**Член 13**

Определени прашања сврзани со остварувањето на надлежностите, процедурите за работа и одлучување во Советот на Општината, поблиску се уредуваат со Деловник на Советот на Општината (во натамошниот текст: деловник).

Деловникот го донесува Советот на Општината (во натамошниот текст: Совет), со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

## II. НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПШТИНАТА

**Член 14**

Општината самостојно, во рамките на законот и овој Статут ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со законот за локална

самоуправа или друг закон и работите кои не се исклучени од нејзината надлежност или не се во надлежност на државната власт.

**Член 15**

Општината е надлежна за вршење на следните работи:

1. Урбанистичко (урбано и руарално) планирање, издавање на одобренија за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредување на просторот и уредување на градежното земјиште;

2.Заштита на животната средина и природата, во смисла на превземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита од бучава и нејонизирачко зрачење;

3. Локален економски разво, во смисла на планирање на локалниот економски развој, утврдување на равојни и структурни приоритети, водење на локалната економска политика, подршката на развој на мали и средни претпријатија и на претприемништво на локално ниво и во тој контекст учество во воспоставувањето и развојот мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;

4. Комунални дејности, во смисла на снабдување со вода за пиење и испорака на техолошка вода, одведување и пречистување на отпадтни води, одведување и третман на атрмосферски води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање и постапување со комунален цврст и техолошки отпад, уредување и организирање на јавниот локален превоз на патници, одржување на гробовите, гробиштата и давање погребални услуги, изградба, одржување и реконструкција и заштита на локалните патишта и улици и други инфраструктурни објекти, регулирање на режимот на сообраќајот, изградба и одржување на улична сигнализација, изградба и одржување на јавен простор за паркирање, одстапување на непрописно паркирани возила, одстапување на хаварисани возила од јавните површини, изградба и одржување на пазари, чистење на оџаците, одржување и користење на паркови, зеленило, парк шуми и рекреативни површини, регулација, одржување и користење на речните корита во урбанизирани делови, определување на имиња на улици, плоштади и други инфраструктурни објекти;

5. Култура, во смисла на институционална и функционална подршка на културните установи и проекти, негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности, организирање на културни манифестации, поттикнување на развојни специфични форми на творештво.

6. Спорт и рекреација, во смисла на развој на масовен спорт и рекреативни активности, организирање на спортски приредби и манифестации, одржување и изградба на објекти за спорт, како и подршка на спортски сојузи;

7.Социјална заштита и заштита на деца, во смисла на финансирање, инвестиции, одржување и сопственост на детски градинки и домови за стари, остварување на социјална грижа за инвалидни лица, деца без родители и родителска грижа со воспитно-социјални проблеми, со посебни потреби, од еднородителски семејства како и деца од улица, лица изложени на социјален ризик, засегнати со злоупотреба на дгога и алкохол, подигање на свеста на населението, домување на лица со социјален ризик, остварување на право и воспитување на деца од предучилишна возраст.

8.Образованието, во смисла на основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта во соработка со централната власт, во согласност со закон, како и организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови;

9.Здраствената заштита, во смисла на управување со мрежата на јавни здраствени организации и објекти од примарна здраствена заштита во кои општината е застапена во сите одбори на сите здраствени организиации во јавна сопственост, здраствено воспитување, унапредување на здравјето, превентивни активности, заштита на здравјето на работниците и заштита при работа, здраствен надзор на животната средина, надзор над заразните болести, помош на пацинети со специјални потреби и други области определни со закон.

10.Спроведување на подготовки и превземање мерки на заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив;

11.Противпожарна заштита вршена од териториjалната противпожарна единица;

12.Надзор над вршењето на работи од надлежност на општината;

13.Други работи определни со закон.

**Член 16**

Работите од членот 15 на овој Статут се уредуваат со прописи на Советот на општината, во согласност со постапките и стандардите утврдени со закон.

Работите од членот 26 на овој Статут кои задолжително ги извршува општината ќе бидат определени со посебен закон.

**Член 17**

Работите кои не се исклучени од наделжност на општината или не се во наделжност на органите на државната власт се определуваат со одлука на Советот на општината.

Со одлуката од став 1 на овој член се уредува начинот и постапката за вршење на тие работи.

**III. Организација и работење на органите на Општината**

1. Совет

*а) Конституирање*

**Член 18**

Конституирањето на Советот, се врши со верификација на мандатот на членовите на Советот избрани на начин утврден со закон и со давање и потпишување на свечаната изјава со содржина утврдена со закон.

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот се врши на првата конститутивна седница на Советот, по предлог на Комисија за прашања на верификација, избори и именувања што се формира на почетокот на седницата од редот на новоизбраните членови на Советот.

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот кои не биле присутни на првата седница на Советот, ја врши Советот на првата седница на која што тие ќе присуствуваат.

**Член 19**

Постапката за верификација на мандатите на членовите на Советот поблиску се уредува со Деловникот.

*б) Права и должности на членовите на Советот*

**Член 20**

Членот на Советот има права и должности утврдени со закон и со овој Статут.

Членот на Советот се стекнува со своите права и должности по верификацијата на мандатот.

**Член 21**

Членот на Советот има право и должност:

- да предлага претресување на прашања, појави и состојби што се од локално значење, како и од значење за граѓаните во Општината;
- да дава иницијативи за донесување на одлуки и други акти од надлежност на Советот, како и да предлага амандмани, на начин и по постапка предвидени во Деловникот;
- да бара од администрацијата на Општината (во натамошниот текст: администрација), како и од јавните служби, установи и претпријатија и од други институции, основани од Општината, податоци и други информации за прашања од нивниот делокруг, а што му се потребни за неговата работа во Советот;
- да бара и добие стручна помош во изработувањето на предлози што тој му ги поднесува на Советот, во поставувањето на советнички прашања и во вршењето на други работи што му ги доверил Советот, односно комисија во која членува;
- да ги чува како тајна податоците, кои се класифицирани како такви, што ќе ги дознае на седница на Советот или на комисија.

**Член 22**

Членот на Советот има право да присуствува и учествува во работата на седница на комисија на Советот, иако не е член на комисијата, но без право на одлучување.

**Член 23**

Членот на Советот кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седници на Советот и на комисија чиј член е, должен е за тоа благовремено да го извести претседателот на Советот и претседателот на комисијата.

**Член 24**

Членовите на Советот даваат и потпишуваат свечена изјава која гласи:
„Јас (име и презиме) свечено изјавувам дека правата и должностите на член на Советот ќе ги вршам совесно и дека при нивното вршење ќе ги почитувам Уставот, законото, прописите на Советот и дека ќе го штитам уставниот поредок на Република Македонија“.

в) НАДЛЕЖНОСТИ НА СОВЕТОТ

**Член 25**

Советот на општината ги врши следните работи:

1. Донесува Статут на општината;
2. Донесува Деловник на Советот;
3. Донесува Програма за работа;
4. Донесува Буџет на општината и Годишна сметка на општината;

5. Ја утврдува висината на стапките на даноците и висината на надоместоците и таксите;
6. Донесува Генерален урбанистички план;
7. Донесува детален урбанистички план и урбанистички документации за населените места во општината;
8. Донесува Програма за уредување на градежно земјиште;
9. Донесува Програма за уредување на сообраќајната сигнализација;
10. Донесува Одлука за регулирање на режимот на сообраќајот;
11. Донесува прописи од областа на заштитата на животната средина и природата, локалниот економски развој, културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштита на децата, образованието, здравствената заштита, противпожарната заштита, во рамките на надлежноста определена со посебен закон или во согласност со националната програма во која ќе се обезбедат мерки за заштита на населението од денационализација и асимилација;
12. Донесува Програма за изградба, одржување на локални патишта и улици;
13. Донесува Програма за јавно осветлување;
14. Донесува Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални водоводи;
15. Донесува Програма за јавна чистота;
16. Донесува Програма за одржување и користење на парковите и другите површини од локално значење;
17. Донесува Програма за одржување на гробиштата;
18. Донесува Програма за одржување и користење на реките во урбанизираните подрачја;
19. Донесуаа Одлука за јавна чистота;
20. Донесува Одлука за начинот на превоз во градскиот и приградскиот сообраќај;
21. Донесува Одлука за одржување и користење на јавните пазаришта;
22. Донесува Одлука за одржување и користење на гробиштата;
23. Го уредува начинот на чистење на оџаците;
24. Го уредува одржувањето на јавниот простор за паркирање и начинот на неговото користење;
25. Определува имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти од локално значење;
26. Ја уредува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација по предлог на Градоначалникот;
27. Основа јавни служби и врши надзор над нивната работа;
28. Именува членови во управни одбори на јавни служби, кои ги оснива;
29. Усвојува програми за работа и финансиски планови за финансирање на јавните служби, кои ги основала;
30. Одлучува за давање дозвола за вршење дејност од јавен интерес од локално значење, во согласност со закон;
31. Ги усвојува извештаите за работата и годишните сметки на јавните служби, кои ги основала;
32. Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината;
33. Одлучува за начинот на вршење на финансиска контрола на Буџетот на општината, во согласност со закон;
34. Го разгледува и усвојување годишниот извештај за јавна безбедност на подрачјето на општината, кој го доставува до Министерот за внатрешни работи и Народниот правобранител;

35. Може да дава препораки на раководното лице на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот;
36. Избира и разрешува претседател на Советот;
37. Формира постојани и повремени комисии;
38. Врши одделни овластувања во согласност со закон врз добрата од општа употреба и врз природните богатства на подрачјето на општината;
39. Востановува општински признанија и награди;
40. Дава мислење по предлог законите кои се однесуваат на општината;
41. Врши и други избори и именувања од своја надлежност;
42. Врши и други работи.

г) ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ

**Член 26**

Претседателот на Советот го избира Советот со јавно гласање, со мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на Советот.

Предлог за претседател на Советот може да даде секој член на Советот.

Изборот на претседател на Советот може да се изврши и со тајно гласање, доколку за таков предлог на член на Советот одлучи Советот со мнозинство од присутните членови на Советот.

Постапката за избор на претседател на Советот со тајно гласање се уредува со Деловникот.

е) НАЧИН НА РАБОТА

**Член 27**

Советот работи на редовни седници, а по потреба може да се одржува свечени седници.

**Член 28**

Денот, часот и местото на одржување на редовната седница на Советот, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи на седницата се објавуваат на огласна табла на општината.

Претседателот на Советот може да одлучи денот, часот и местото на одржување на седницата на Советот, како и предлогот на дневниот ред да се објават во средствата за јавно информирање.

**Член 29**

Советот одржува свечени седници за одбележување на значајни историски настани, а може да одржува свечени седници и заислужување на говори на наши и странски државници, претставници на меѓународни организации и истакнати граѓани на странски држави како гости на општината.

**Член 30**

Вонредна седница се свикува за прашања од значење за безбедноста и сигурноста на граѓаните и во случаи на вонредни околности.

Вонредна седница на Советот свикува претседателот на Советот по сопствена иницијатива или на барање на најмалку 1/3 од членовите на Советот или на предлог на градоначалникот.

Покана за вонредна седница заедно со предлогот на дневен ред на членовите на Советот им се доставува на најбарз можен начин.

Пред отпочнувањето со работа на седницата, членовите на Советот гласаат за оправданоста на причините за свикување на вонредна седница, без претрес и со мнозинство од присутните членови на Советот.

**Член 31**

Во случај на спреченост или отсутност на претседателот на Советот, на седницата претседава најстариот член на Советот.

**Член 32**

Советот може да одлучи со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, гласањето по одделни прашања да биде тајно.

**Член 33**

Свикувањето на седниците на Советот, утврдувањето на дневниот ред, текот на седницата, записниците, постапката за донесување на акти и други прашања сврзани со работата на Советот, поблиску се уредуваат со Деловник.

2. ГРАДОНАЧАЛНИК

**Член 34**

Градоначалникот ги врши своите надлежности во рамките утврдени со закон и овој Статут.

Во извршувањето на надлежностите на општината, Градоначалникот:

1. ја претставува и застапува општината;
2. ја контролира законитоста на прописите на советот;
3. ги објавува прописите во службеното гласило на општината;
4. го обезбедува извршувањето на одлуките на советот;
5. го обезбедува извршувањето на работите кои со закон и се делегирани на општината;
6. до советот дава иницијативи и предлози за донесување на прописи;
7. го предлага буџетот и годишната сметка на буџетот на општината;
8. го извршува буџетот на општината;
9. избира директори на јавни служби кои ги основала општината по пат на конкурс;
10. редовно го известува советот за извршување на своите надлежности во согласност со статутот на општината;
11. решава управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица. За извршување на оваа надлежност градоначалникот може да овласти раководен службеник да ја води постапката и да решава во управни работи, како и да потпишува акти;
12. дава предлог до Советот за донесување на Одлука за организирање на општинската администрација;
13. донесува правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;
14. раководи со општинската администрација;
15. одлучува за вработување, правата, должностите и одговорностите на вработените, доколку поинаку не е определено со друг закон.

**Член 35**

Градоначалникот присуствува и учествува во работата на седниците на Советот, а по потреба и на седниците на комисиите на Советот и посебните тела на Општината, без право на одлучување.

Градоначалникот може да определи и свои преставници кои присуствуваат и учествуваат во работата на седниците на Советот, неговите комисии и посебните тела на општината.

**Член 36**

Градоначалникот, по барање на Советот, по сопствена иницијатива, го известува Советот за извршување поодделни работи од негова надлежност.

**Член 37**

Градоначалникот обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината.

Градоначалникот управува со сопственоста на општината во јавен интерес и како добар домаќин.

Градоначалникот е должен во управувањето со сопственоста на општината да презема мерки и да го обезбедува користењето, одржувањето и заштитата на сопственоста на општината во согласност со закон.

**Член 38**

Градоначалникот соработува со градоначалнииците на другите општини по прашања од заеднички интерес од надлежност на општините.

**Член 39**

Градоначалникот со решение определува член на Советот кој ќе го заменува за време на спреченост или отсуство.

Решението од став 1 на овој член градоначалникот го донесува во рок од 30 дена од денот на преземање на функцијата.

Решението од став 1 на овој член се објавува во „Службен Гласник“ на Општина Маврово и Ростуше.

За настапувањето на спреченоста или отсуството, градоначалникот го известува претседателот на Советот и членот кој ќе го заменува.

3. ПОСЕБНИ ТЕЛА НА ОПШТИНАТА

а) Комисија за односи меѓу заедниците

**Член 40**

Во општината се формира Комисија за односи меѓу заедниците (во натамошниот текст: Комисија).

Комисијата ја сочинуваат по (1) еден преставник на заедниците кои се застапени во општината, со мандат од 4 (четири) години.

Членовите на Комисијата не може да се избираат од редот на членовите на Советот.

**Член 41**

Одлука за формирање на Комисијата донесува Советот, на предлог на Комисијата за прашања на верификација, избори и именувања.

Комисијата за прашања на верификација, избори и именувања го составува предлогот од став 1 на овој член по претходно добиени предлози на политички партии застапени во Советот.

**Член 42**

Комисијата од редот на своите членови избира претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Комисијата, со јавно гласање.

**Член 43**

Комисијата работи на седници.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на Комисијата.

Комисијата може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на Комисијата.

Комисијата одлучува со мнозинство од вкупниот број членови на Комисијата.

На седницата на Комисијата може да присуствуваат и учествуваат во работата, градоначалникот на општината и претседателот на Советот, без право на одлучување.

б) Совет за заштита на потрошувачите

**Член 44**

Во општината се формира Соевт за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошуавчите е составен од 10 членови, претставници на поголемите групи на корисници на јавните услуги во општината.

Членовите на Советот за заштита на потрошувачите не може да се изберат од редот на членовите на Советот на општината.

**Член 45**

Одлука за формирање на Советот за заштита на потрошувачите донесува Советот на општината на предлог на Комисијата за прашања на верификација, избори и именувања.

Комисијата за прашања на верификација, избори и именувања го составува предлогот од став 1 на овој член по претходно добиени предлози на облиците на месна самоуправа во општината.

**Член 46**

Советот за заштита на потрошувачите од редот на своите членови избира претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите со јавно гласање.

**Член 47**

Советот за заштита на потрошувачите работи на седници.

Седниците по правило се јавни.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на Советот за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите одлучува со мнозинство од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите.

На седницата на Советот за заштита на потрошувачите можат да присуствуваат и учествуваат во работата градоначалникот и претседателот на Советот на Општината, без право на глас.

**Член 48**

Советот за заштита на потрошувачите разгледува прашања и утврдува предлози кои што се однесуваат на квалитетот на услугите на јавните служби на општината, а особено:

- ја следи состојбата на давањето на услугите од јавните служби;
- се грижи за решавање на проблемите што граѓаните ги имаат при користење на услугите од претпријатијата и установите штовршат јавни услуги;
- се грижи за унапредување на односот на вработените кај давателот на услуги кон корисниците на услугите;
- организира јавни трибини и други форми на учество на граѓаните на кои ќе се расправа за унапредување на за штита на потрошувачите.

в) Партиципативно тело од областа на урбанизмот

**Член 49**

Во општината се формира Партиципативно тело од област на урбанизмот, заради пренесување на ставовите и мислењата на граѓаните и правните лица во процесот на урбанистичкото планирање, како и заради следење на состојбите идавање иницијативи, насоки и сугестии во процесот на планирање и изготвување плански решенија за општината.

Партиципативното тело од областа на урбанизмот се состои од 5 члена.

**Член 50**

Одлука за формирање на Партиципативно тело од областа на урбанизмот донесува Советот, на предлог на Комисијата за прашања на верификација, избори и именувања.

Членовите на партиципативното тело од областа на урбанизмот се избираат:

- од редот на членовите на Советот;
- по предлог на облиците на месна самоуправа;
- по предлог на здруженија на граѓани;
- здруженија на стручни лица од областа на урбанизмот и
- од општинската дминистрација.

**Член 51**

Партиципативно тело од областа на урбанизмот од редот на своите членови избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Партиципативното тело, со јавно гласање.

**Член 52**

Партиципативно тело од областа на урбанизмот работи на седници.

Седниците по правило се јавни.

Седниците ги свикува и со ним раководи претседателот на Партиципативното тело од областа урбанизмот.

Партиципативно тело од областа на урбанизмот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови.

Партиципативно тело од областа на урбанизмот одлучува со мнозинство од вкупниот број членови.

На седницата може да присуствуваат и учествуваат во работата, градоначалникот и претседателот на Советот, без право на одлучување.

г) Совет за јавна безбедност во сообраќајот

**Член 52-а**

Советот за јавна безбедност во сообраќајот е сочинет од 7 члена.

Претседателот и членовите на општинскиот совет го сочинуваат преставници од редот на институции и правни лица, како и истакнати експерти од бласта на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Со работата на општинскиот совет за јавна безбедност во сообраќајот раководи претседател чиј мандат трае четири години. Претседателот на советот може да биде именуван два пати едноподруго на иста функција.

Членовите на советот од ставот (2) на овој член, се именуваат за време од четири години, со право на повторно именување.

**Член 52-б**

Задачите на советот за јавна безбедност во сообраќајот произлегуваат од Законот за безбедност во сообраќајот а се особено“:

1. унапредување на работите сврзани со безбедноста на сообраќајот на патиштата во општината,
2. унапредување на сообраќајното воспитување и образование на учесниците во сообраќајот и развивање на сообраќајно - образовната работа на предучилишните установи и училиштата,
3. остварување на соработка и координација во превентивната работа на државните органи, институциите, правните лица и другите субјекти по прашањата на самозаштита во областа на сообраќајот на патиштата,
4. организирање и учество во сообраќајно - воспитни акции и манифестации од областа на сообраќајната превентива,
5. поттикнување, развивање и помагање на научно-истражувачка работа во областа на сообраќајот на патиштата,
6. набавка и издавање на сообраќајно-воспитни публикации, филмови и слично,
7. организирање на научни и стручни собири за работа од областа на безбедноста на патниот сообраќај и
8. соработка со средствата за јавно информирање, заради навремено, целосно и објективно информирање на јавноста за мерките за унапредување на сообраќајната превентива и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

**Член 52-в**

Советот за својата работа донесува деловник, со кој поблиску се определуваат неговите задачи и начинот на работа.

Административно-техничките работи на советот, ги врши општината.

За остварување на задачите од својот делокруг советот донесува годишна програма која ќе се финансира од буџетот на општината.

д) Општински Младиснки Совет

**Член 52-г**

Општинскиот младински совет се состои од 7 члена со мандат од 4 години.

Општинскиот младински совет е составен од млади луѓе (преставници од младински организации, политички подмладоци, средношколци и студенти).

Општинскиот младински совет се формира по предходно спроведена иницијатива со формирање на работно тело за основање на ЛМС.

Иницијативното работно тело има за задача да креира модел статут за работа на Општинскиот младински совет, основачкото собрание на општинскиот младински совет и верификација на одлуката од советот на Општина Маврово и Ростуша и како последна фаза е креирање на годишна програма за работа на советот.

**Член 52-д**

Советот за својата работа донесува деловник, со кој поблиску се определуваат неговите задачи и начинот на работа.

Административно-техничките работи на советот, ги врши општината.

За остварување на задачите од својот делокруг советот донесува годишна програма која ќе се финансира од буџетот на општината.

На седниците можат да присуствуваат и учествуваат во работата, Градоначалникот на општината и Претседателот на Советот, без право на одлучување.

**Член 52-ѓ**

Целите на општинскиот младински совет се:

1. креирање претставничко тело на младите и младинските здружувања во Општина Маврово и Ростуше;
2. зајакнување на капацитетите за општествена ангажираност кај младите;
3. овозможување неформално образование, тренинг, обука и развој на вештини кај младите;
4. зголемен ангажман на младите во помагање на локалната заедница;
5. промоција на младинско учество;
6. претставување на потребите и интересите на младите;
7. вклучување на младите во носењето одлуки на локално ниво;
8. зголемена комуникација меѓу младите и Локалната самоуправа;
9. зголемена прекугранична соработка меѓу младите од Општина Маврово и Ростуше и општините од соседните држави;
10. промоција на плурализам во младинското здружување и организирање.

ѓ ) Совет за јавно здравје

**Член 52-е**

Советот за јавно здравје се состои од пет члена од кои три се претставници од Советот на Општина Маврово и Ростуше, еден претставник од општинската администрација и еден претставник од Здравствените установи во општината.

Советот за јавно здравје ги врши следните работи:

1. ги проучува прашањата и политиките во областа на јавното здравје,
2. изготвува мислења, дава иницијативи и предлози до органите на Општината.

IV. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТЕЊЕ НА КОМИСИИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА

1. Комисии на Советот

**Член 53**

Советот ги образува следните постојани комисии:

- Комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања;
- Комисија за статут и прописи;
- Комисија за финансирање, буџет и локален економски равој;
- Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина;
- Комисија за општествени дејности;
- Комисија за меѓународна соработка;
- Комисија за односи меѓу верските заедници;

Советот ги образува следните повремени комисии:

- Комисија за месна самоуправа;

- Комисија за туризам, занаетчиство и угостителство;
- Комисија за родова еднаквост на половите;
- Комисија за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија;
- Комисија за земјодлество, шумарство и водостопанство

Делокругот на комисиите од став 1 и 2 на овој член се определува со Деловник на Советот.

Советот може да образува и други постојани и повремени комисии, чиј состав и делокруг се определува со актот за нивното формирање.

**Член 54**

Постојаните комисии на Советот се составени од 5 члена на советот а повремените комисии се составени од 5 члена, а може и од повеќе члена, од кои 3 се од редот на членовите на Советот и 2 надворешни со предност истите да бидат жители на општината.

**Член 55**

Избор на претседател и членови на комисија на Советот се врши на предлог на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања.

Комисијата за верификација, мандатни прташања, избори и именувања го дава предлогот од став 1 на овој член врз основа на претходно доставени предлози на политичките партии застапени во Советот, при што води сметка за примена на принципот за нивна пропорционална застапеност во комисиите, имајќи го предвид вкупниот број на комисиите на Советот.

Изборот на претседател и членови на комисија се врши со мнозинство од присутните членови на Советот.

**Член 56**

Предлог за разрешување на претседател и членови на комисија може да даде комисијата, Комисијата за верификација,мандатни прашања, избори и именувања, најмалку 3 (три) членови на Советот и претседателот на Советот.

По предлогот за разрешување одлучува Советот, со јавно гласање, со мнозинство на присутните членови на Советот.

**Член 57**

Избор заради промена на поодделен член на комисија се врши на предлог на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања, при што не може да се наруши принципот на пропорционална застапеност на партиите во комисиите.

**Член 58**

Комисијата работи на седници.

Дневниот ред на седницата на комисијата се утврдува на почетокот на седницата.

**Член 59**

Комисијата може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството членови на комисијата.

Комисијата одлучува со мнозинство гласови на присутните членови.

**Член 60**

Ако одлучи да му поднесе извештај или предлог на Советот, комисијата

определува свој известител, кој по налог на комисијата, по сопствена иницијатива или по барање на Советот, на седницата на Советот ќе го образложи ставот или предлогот на комисијата.

**Член 61**

На седницата на комисијата задолжително присуствува претставник на предлагачот на материјалот што се разгледува.

Претставникот на предлагачот има право на седницата на комисијата да учествува во разгледувањето на предлогот што го поднел.

**Член 62**

Комисијата има право од предлагачот да бара известување, појаснување, како и други податоци што и се потребни за работа, а со кои предлагачот располага или е должен да ги собира и евидентира.

**Член 63**

На седниците на комисијата може да присуствуваат и да учествуваат претставници на органи, организации, заедници и здруженија, како и научни, стручни и јавни работници, заради изнесување на нивни мислења по прашањата што се разгледуваат на седницата на комисијата.

Поканата до лицата од ставот 1, ја доставува претседателот по претходна консултација со членовите на комисијата.

V.ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

**Член 64**

За извршување на работите од надлежност на органите на општината се организира општинска администрација.

Општинската администрација се организира во сектори и одделенија.

Општината може да организира општински инспекторат заради вршење на инспекциски надзор над вршењето на работите од нејзина надлежност.

Организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација ги утврдува советот, врз онова на предлог на градоначалникот.

**Член 65**

Вработените во општинската администрација кои вршат стручни, нормативно-правни, извршни и управно-надзорни работи и решаваат управни работи имаат статус на државен службеник.

За вработувањата, правата и должностите, системот на плати и надоместоци на плати, одговорноста, оценувањето и престанокот на работниот однос на вработените од став 1 на овој член ќе се применуваат одредбите од Законот за државни службеници.

За вработените во општинската админиострација кои вршат административно-технички и помошни работи се применуваат одредбите од Законот за работни односи.

**Член 66**

При вработувањето, во општинската администрација и во јавни служби кои ги основала општината ќе се води сметка за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници застапени во општината на сите нивоа, како и почитување на критериумот за стручност и компетентност.

**Член 67**

Општинска администрација:

1. Ги подготвува актите за Советот и градоначалникот;
2. Ги подготвува седниците на Советот, како и седниците на неговите постојани и повремени комисии;

3. Врши стручни работи за Советот и градоначалникот;
4. Ја следи проблематиката во областите од надлежност на општината врши анализа на состојбата и дава иницијативи и предлози за нивно решавање;
5. Доставува информации и податоци во врска со активностите на општината на барање на надлежните органи или врз основа на закон;
6. Ракува со документите на општината и ги чува се до нивно уништување, односно предава во државниот архив на Република Македонија и
7. Врши други работи што ќе и ги определи Советот и Градоначалникот;

**Член 68**

Општина Маврово и Ростуше може со другите општини да формира заедничка администрација за поефикасно извршување на нејзина надлежност.

**Член 69**

Заедничките административни тела за извршување на одредени надлежности ќе бидат основани или укинати врз основа на одлука донесена со мнозинство гласови од вкупниот број членови на секој од советите на општините.

Врз основа на одлуките од ставот 1 на овој член се склучува писмен договор во кој се утврдуваат општините кои го основаат заедничкото тело, видот, обемот и начинот на извршување на активностите на објектите и опремата, финансирањето, начинот на укинувањето и контролата на работењето на заедничкото административно тело.

Договорот од став 2 на овој член се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

VI. АКТИ НА ОПШТИНАТА

а) Општи акти

**Член 70**

Советот на општината донесува Статут на општината, Деловник на советот, Буџет и годишна сметка за извршување на буџетот, одлуки, планови и програми, решенија, заклучоци за усвојување на информации, извештаи и други акти и дава мислења и утврдува насоки.

Статутот е основен акт на општината со кој се утврдуваат основните прашања во врска со надлежностите и организацијата на општината и други прашања од значење за општината.

Статутот на опшштината се донесува во две фази и тоа како нацрт Статут и предлог Статут.

Статутот на општината го донесува Советот со мнозинство на гласови од вкупниот број членови на Советот на општината.

**Член 71**

Со Деловникот на советот се уредува начинот на работа на Советот и неговите комисии, постапките за одлучување и односите со другите органи.

Деловникот на советот на општината се донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на советот на општината.

**Член 72**

Со одлука на Советот се уредуваат работите од локално значење од надлежноста на општината.

Со одлука на Советот на општината, се основа општинска администрација и се уредува начинот на нејзиното работење и се основаат јавни служби..

Со одлука Советот уредува и други прашања од своја надлежност.

**Член 73**

Советот донесува заклучоци кога разгледува пооделни извештаи, информации и анализи.

Советот дава мислење и утврдува насоки за извршување на прописите и другите акти што ги донесува советот на општината.

**Член 74**

Постапката за донесување на општи акти се уредува со деловникот на советот на општината.

Општите и другите акти се објавуваат во Службен гласник на општината.

Општите акти стапуваат во сила 8 (осмиот)ден од денот на објавувањето, а по исклучок што го утврдува советот на општината со денот на објавувањето.

б) Поединечни акти

**Член 75**

Советот и Градоначалникот во рамките на своите надлежности донесуваат поединечни акти.

Советот донесува решение за избор и именување.

Градоначалникот на општината донесува решение.

**Член 76**

Градоначалникот на општината е должен во рок од 7(седум) дена на донесување на актите да ги објави во Службен гласник на општината.

**Член 77**

За објавените акти се води посебна збирка.

Збирката можат да ја користат граѓаните и истата ќе биде достапна на општ увид.

VII. ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ СПОРЕД НАЧЕЛОТО НА СУПСИДИЈАРНОСТ

**Член 78**

Општината, во рамките на законот, во согласност со начелото на супсидијарност, има право на своето подрачје да спроведува иницијативи во врска со сите прашања од значење за Општината, што не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Определувањето на работите од став 1 на овој член, дефинирањето на нивната содржина, начинот и постапката на нивното вршење се уредуваат со посебни одлуки на Советот, по предлог на градоначалникот.

**Член 79**

Општината може да доделува награди.

Наградите се доделуваат како знак на признание за постигнати остварувања што претставуваат посебен придонес за развој на Општината и за нејзиниот севкупен напредок и афирмација во областа на економскиот развој, науката, уметноста, културата, образованието, здравствената заштита, социјалната заштита, спортот, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и во други области.

**Член 80**

Наградата може да се доделува на физички и правни лица од Општината, Републиката и од други држави, како и на меѓународни организации и асоцијации или нивни претставници.

**Член 81**

Советот формира одбор за доделување на наградата.

Работата на одборот поблиску се уредува со одлука на Советот на Општината.

Средства за наградата и за работа на одборот се обезбедуваат од Буџетот на Општината и од други извори на приходи.

**Член 82**

Општината може да востановува други награди и признанија.

## VIII. ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ И СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

а) Информирање на граѓаните

**Член 83**

Органите на Општината, комисиите на Советот на Општината и јавните претпријатија и установи основани од Општината ги информираат граѓаните за одлуките и своите активности кои се од непосредно значење за животот и работата на граѓаните во Општината и за други информации од јавен интерес.

Граѓаните се информираат за:

- прописите кои ги донесува Советот на Општината;
- начинот и условите за остварување на нивните права;
- обврските на граѓаните кои произлегуваат од надлежност на Општината;
- плановите, проектите и програмите кои се во подготовка а се од значење за развојот на Општината;
- услугите кои ги добиваат од јавните служби и градската администрација и начинот на нивно добивање;
- приходите кои се остваруваат во Општината и начинот на нивна распределба и трошење;
- јавните набавки;
- именувањето на директори и претставници во управните одбори на јавните претпријатија и установи;
- други информации кои произлегуваат од надлежноста на органите на Општината и јавните претпријатија и установи во согласност со закон.

**Член 84**

Информирањето на граѓаните се врши редовно, без надоместок, преку:

- издавање службен гласник на Општината;
- издавање и дистрибуција до граѓаните на месечни информативни билтени;
- објавување на публикации;
- информативни канцеларии водени од општинската администрација и јавните служби основани од Општината;
- огласни табли (во простории на Општината, јавните претпријатија и установи, месната самоуправа);
- веб сајт;
- јавни трибини;
- средствата за јавно информирање и
- на друг соодветен начин кој е најповолен за информирање на јавноста.

**Член 85**

Информирањето на граѓаните се врши на службените јазици кои се користат во општината.

Советот на Општината со посебна одлука може да утврди за одредени информации да се информира и на јазикот кој не е службен во Општината, а го зборуваат дел од жителите на Општината.

б) Слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 86**

Во Општината се обезбедува правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располагаат органите на Општината (Советот на Градоначалникот), јавните препријатија и установи основани од Општината и равни и физички лица кои вршат јавни овластувања доврени од Општината (во натамошниот текст: иматели на информации).

По исклучок, во случаи утврдени со акон, правото на слободен пристап до некои информации со кои располагаат имателите на информации од став 1 на овој член, може да биде ограничен или да се обезбеди делумен пристап.

**Член 87**

За информации со кои располагаат и до кои се обезбедува слободен пристап, имателите на информации востановуваат и водат листа на информации која се објавува на начин кој е достапен за барателите на информации.

За листата на информации и условите на начинот на слободен пристап до информациите, граѓаните се известуваат преку огласна табла или на друг погоден начин.

Имателите на информации се должни редовно на секои треи месеци да ја ажурираат листата на информации од јавен карактер со кои располагаат.

Листата на информации од јавен карактер за органите на Општината ја предлага Градоначалникот, а ја утврдува Советот.

Листата на информации од јавен карактер за јавните препријатија установи основани од Општината ја утврдува управниот одбор на предлог на директорот.

**Член 88**

Постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации се остварува во согласност од закон.

Градоначалникот на Општината создава услови и превзема мерки пропишани со закон, за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои раполагаат Советот на Општината и администрацијата.

Директорот на јавното препријатие и јавната установа основана од Општината создава услови и превзема мерки пропишани со закон, за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактербсо кои располагаат согласно статутот на препријатието и установата.

**Член 89**

Слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат имателите на информации имаат сите правни и физички лица (во натамошниот текст: баратели на информации).

Слободниот пристап до информации се остварува во законски утврдениот рок:

- со увид во документите со кои располага имателот на информацијата;
- со добивање препис, фотокопија или електронски запис од документите со кои располага имателот на информацијата;

Имателот на информацијата за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информациите определува службено лице.

**Член 90**

Барателот на информацијата за извршениот увид или добиениот препис, фотокопија од електронски запис на информацијата плаќа соодветен надоместок во висина на материјалните трошоци, утврдени на начин уреден со закон.

Барателот на информацијата при поднесувањето на барањето се известува за плаќањето и висината на соодветниот надоместок.

**Член 91**

Барателот на информација има право на жалба до надлежниот орган за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер доколку имателот на информацијата не ја достави бараната информација.

**Член 92**

Советот на Општината усвојува годишен извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информациите во минатата година на Општината.

Годишниот извештај за остварувањето на слзвештајот од став 1 на овој член ги содржи и податоците за остварениот слободен пристап до информациите со кои располагаат и јавните служби кои ги формира Општината.ободен пристап до информациинго подготвува Градоначалникот на Општината и го доставува до Советот, најдоцна до 31 Јануари во тековната година.

Извештајот од став 1, по усвојувањето се доставува до надлежниот орган за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

IX. ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА ОД СЕДНИЦИТЕ НА СОВЕТОТ

**Член 93**

Советот може да работи без присуство на јавноста само во случаи определени со закон и овој статут, како и кога ќе го предложат градоначалникот, претседателот на Советот или најмалку 1/3 (третина) членови на советот.

Исклучувањето на јавноста може да се бара, кога прашањето кое се расправа има допирни точки со одбраната и сигурноста на граѓаните.

По предлогот од став 1 на овој член, Советот одлучува безз претрес, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

X. ПРЕСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ

**Член 94**

Физичките и правните лица имаат право да поднесуваат преставки и предлози што се однесуваат на работата на органите на Општинската администрација.

**Член 95**

Преставките и предлозите се поднесуваат во писмена форма или усно на записник пред овластено лице во администрацијата.

За преставките и предлозите не се плаќа такса.

**Член 96**

Подносителот не смее да трпи штетни пследици поради поднесувањето претставка или предлог, ниту поради тоа може да биде повикан на одговорност.

**Член 97**

Градоначалникот, во зависност од содржината на претставката, односно предлогот овластува еден или повеќе службеници да постапат по претставката, односно предлогот.

Постапувањето по претставката, односно предлогот опфаќа прибирање на податоци, известувања и мислења за околностите што се од значење за правилно оценување на основаноста на претставката или за оправданоста на предлогот, како и превземање на потребни мерки за остранување на евентуална повреда на правото на подносителот или повреда на јавен интерес.

**Член 98**

Градоначалникот е должен во што е можно покус рок, а најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на преставката, односно предлогот на подносителот да му достави одговор.

XI. ЈАВНИ ТРИБИНИ, АНКЕТИ И ПРЕДЛОЗИ ОД ГРАЃАНИТЕ

**Член 99**

Органите на Општината заради утврдување политиа во определена област, превземање мерки за разрешување на прашања и проблеми од значење за граѓаните од подрачјето на Општината, како и при предлагање на одредени акти од своја надлежност може да организираат јавна трибина, да спроведат анкета или да придобијат предлози од граѓаните.

Видот, постапката, начинот и времето на организирање на формите на непосредно учество на граѓаните од став 1 на овој член се уредува со акт на органот што ја организира.

За организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирањето предлози од граѓаните се објавува соопштението сресвата за јавно информирање, во кое се назначува видот, целта, предметот и други податоци важни за организирање на соодветна форма на непосредно учество на граѓаните и се повикуваат заинтересираните за учество на истите.

Организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирањето предлози од граѓаните, може да се врши во соработка со други општини и со облиците на месна самоуправа.

За јавната трибина, анкетата или предлозите на граѓаните се изготвува извештај.

**Член 100**

При организирање јавна трибина, спроведување анкета и прибирање предлози од граѓаните ќе се одезбеди:

- текст на дукументот или нацрт на одлука и друг општ акт објавен на погоден начинза да им биде достапен на граѓаните и други заинтересирани субјекти.
- собирање и разгледување на мислењата и предлозите што биле изнесени и
- изготвување на извештај.

**Член 101**

Начинот и постапката на организирањета јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирањето предлози од граѓаните се уредува Деловникот.

**Член 101-а**

Градоначалникот и Советот на единицата на локалната самоуправа Маврово и Ростуше по сопствена иницијатива организираат форуми на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во единицата на локалната самоуправа, заради јавно расправање за проблемите и утврдување решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата.

Организирањето на форумите опишани во претходниот став од овој член може да се прекине и на иницијатива на заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да подржат проекти во интерес на единицата на локалната самоуправа.

Барањето од ставот 2 на овој член се поднесув до градоначалникот на единицата на локалната самоуправа, кој врз основа на стратешките документи и цели за развој на единицата на локалната самоуправа одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена.

Начинот и постапката на функционирањето на форумите на заедницата се уредува со Правилник што го донесува Советото на единицата на локалната самоуправа со предлог на Градоначалникот.

XII. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА ВО ВОЕНА СОСТОЈБА

**Член 102**

Во боена состојба органите на општината:

- продолжуваат да ги извршуваат работите утврдени со закон и
- превземаат мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра на своето подрачје од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив.

Општината се подготвува за извршување на обврските од став 1 на овој член преку:

- планирање и организирање на мерките за заштита и спасување за свои потреби;
- формирање единици и штабови за цивилна заштита, во согласно со закон и прописи засновани на закон;
- обучување за одбрана, односно вклучување во активности за стекнување на неопходни воено-стручни и други знаења за учество во одбраната;
- Превземање мерки, активности и постапки за заштита и чување на тајноста на
- податоците, информаиите и документите од областа на одбраната, во согласност со закон и прописи засновани на закон;
- координација и соработка со другите општини.

XIII. НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОПИСИТЕ НА СОВЕТОТ

**Член 103**

Прописите на Советот се објавуваат во службено гласило на Општината, пред да влезат во сила.

Службеното гласило на Општината е Службен гласник на Општина Маврово и Ростуше.

Во службеното гласило на Општината може да се објавуваат и прописи на други општини.

**Член 104**

Прописите на Советот влегуваатво сила, осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општината, а по исклучок што го утврдува Советот, најрано со денот на објавувањето.

Прописите на Советот можат да влезат во сила и во покус рок од осум дена ако:

- пришините поради кои се предлага донесувањето на прописот и целите што се сака да се постигнат со неговото донесување се од итен и неодложен карактер;
- не создаваат материјални обврски за граѓаните и правните лица;
- прашањата што се регулираат се од сверата на одбраната, заштита и спасувањето и сл;
- тоа го налагаат начелата на целоисходност, рационалност, ефикасност, економичност, оперативност и сл.

XIV. МЕСНА САМОУПРАВА

**Член 105**

Граѓаните на општината одлучуваат за работит од непосредно и секојдневно значење од својот живот и работа и преку облици на месна самоуправа кои можат да ги основаат согласно со овој Статут.

**Член 106**

Во општината како облици на месна самоуправа можат да основаат:

- во градот - урбани заедници;
- во населените места - месни заедници.

**Член 107**

Подрачјето за кое се основаат урбаните заедници се границите на урбаните заедници утврдени со урбанистичкиот план на градот.

Подрачјето за кое се основаат месните заедници се границите на катастарските општини на населените места.

**Член 108**

Иницијатива за основање облици на месна самоуправа можат да покренат најмалку 10% од граѓаните, жители на подрачјето за кое има интерес за основање на облик на месна самоуправа.

**Член 109**

Иницијативата за основање содржи: подносител, опис на подрачјето за кое се бара основање на обликот на месна самоуправа, образложение на потребите за основање и потпис на заинтересираните граѓани.

**Член 110**

Одлука за основање на облик на месна самоуправа се донесува на собир на граѓани од соодветното подрачје по пат на јавно гласање со мнозинство гласови од присутните граѓани.

Собирот на граѓани од предходниот став на овој член го свикува градоначалникот на општината, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката.

**Член 111**

Граѓаните преку облиците на месна самоуправа, во согласност со овој Статут и одлуките за основање се грижат за:

- решавање на прашања од комунална инфраструктура за соодветното подрачје;
- одржување на објектите од јавен интерес (водоводи, улици, домови, спортски објекти и др.);
- заштита на животната средина и природата;
- уредување и одржување на гробиштата во селските населби;
- појренување иницијатива за уредување на просторот;
- организирање културни, спортски, забавни и други манифестации; и
- други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Советот на облиците на месната самоуправа дава иницијативи и предлози до надлежните органи на општината, за прашања од областа на образованието, здраството, социјалната заштита и други прашања од интерес на граѓаните.

**Член 112**

Работите на членот 82 на овој Статут се финансирани од:

- срествата што општината ќе им ги одстапи на облиците на месната самоуправа согласно со плановите и програмите за нивниот развој;
- сресва што граѓаните непосредно ги здружуваат;
- сресва што ќе ги издвојат заинтересираните правни и физички лица;
- сресва од надомест на услуги; и
- подароци и други сресва.

Прибирањето и трошењето на срествата за од ставот 1 се врши преку буџетот на Општината.

**Член 113**

Орган на облиците на месната самоуправа е Советот.

Советот на облиците на месна самоуправа го избираат граѓаните на обликот на месна самоуправа на собир на граѓани со јавно гласање, доколку Собирот не одлучи гласањето да биде тајно.

Советот на облиците на месната самоуправа е составен од 3(три) до 7 (седум) члена.

Мандатот на членовите на Советот на месната самоуправа трае 4(четири) години.

**Член 114**

Одлука за распишување на избори за членови на Советот на облиците на месна самоуправа донесува Советот во стариот состав, најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот.

Ако одлуката од став 1 на овој член не се донесе во утврдениот рок, Одлука за распишување на избор на членови на Советот на облиците на месна самоуправа донесува Собирот на граѓани,

**Член 115**

Предлагање и утврдување на кандидати за членови на Советот на облиците на месна самоуправа се врши на Собир на граѓани, доколку присуствуваат најмалку 10% од граѓаните, жители на соодветната месна заедница.

За утврдени се сметаат кандидати кои добиле мнозинство, односно најголем број гласови од присутните граѓани на собирот.

**Член 116**

Постапка за предлагање, утврдување и избор на членови на Советот на облиците на месната самоуправа поблиску се уредува со правилата за работа на обликот на месна самоуправа, донесен од Советот на општината.

**Член 117**

За избрани членови на Советот на облиците на месна самоуправа се сметаат кандидатите кои добиле мнозинство односно најголем број на гласови од избирачите кои гласале.

**Член 118**

Советот на облиците на месна самоуправа од редот на своите членови избира претседател кој го претставува и застапува обликот на месната самоуправа.

**Член 119**

Градоначалникот на општината, со решение може да делегира вршење на определена работа од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на жителите, по претходна согласност на претседателот на Советот на обликот на месната самоуправа.

Средствата потребни за извршување на работите од ставот 1 на овој член се утврдуваат во решението за делегирање на надлежноста.

Со решението се определува органот и начинот на вршење на надзор над извршувањето на работите од ставот 1 на овој член.

**Член 120**

Општинската администрација ги врши стручните, административно – техничките и сметководствено – финансиските работи на органот во обликот на месната самоуправа.

Контролата над трошењето на средствата што ќе бидат пренесени за извршување на делегираните надлежности врши општинската администрација.

**Член 121**

Општината води евиденција на облиците на месна самоуправа основани на нејзиното подрачје.

## XV. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ГРБОТ И ЗНАМЕТО НА ОПШТИНАТА

**Член 122**

Грбот и знамето се утврдуваат со одлука на Советот на Општината.

За утврдување на грбот и знамето на Општината, Советот распишува конкурс и формира комисија.

**Член 123**

Комисијата од пристигнатите трудови по објавениот конкурс утврдува предлог за грб односно знаме и го доставува до Советот на усвојување.

**Член 124**

Советот на општината со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Советот одлучува по предлогот на комисијата.

Одлуката на Советот за утврдување на грб односно знаме на општината е составен дел од Статутот на општината.

**Член 125**

Грбот на општината се употребува во состав на печатот на општината.

Грбот на општината може да се употребува и на официјални покани, честитки и на слични акти што ги користат Советот и Градоначалникот на општината.

Советот на општината може да одобри употреба на грбот на општината на физички и правни лица, ако оцени дека е од интерес на општината.

**Член 126**

Знамето на општината се истакнува на зградата на општината и на видни места во општината.

Знамето на општината може да се истакнува и при меѓународни средби, натпревари и други собири на кои учествува или е презентирана општината.

**Член 127**

Грбот и знамето на општината не смеат да се употребуваат ако се оштетени или со својот изглед не се подобни за употреба.

XVI. ЗАШТИТА НА ОПШТИНАТА

**Член 128**

Иницијативата за оцена на уставноста на законите и уставноста и законитоста на општите акти на Министерствата и други органи на државната управа со кои се нарушува уставната положба и правата на општината утврдена со Уставот и законите, може да поднесат Советот односно Градоначалникот на општината до Уставниот суд на Република Македонија.

**Член 129**

Градоначалникот на општината има право да бара судска заштита пред надлежни судови кога на општината и се попречува вршење на дадените надлежности со Уставот и закон, со акти и активности на органите на државната управа и на Владата на Република Македонија.

XVII. СЛУЖБЕНА УПОТРЕБА НА ЈАЗИЦИТЕ И ПИСМАТА ВО ОПШТИНАТА

**Член 130**

На подрачјето на Општина Маврово и Ростуше службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо во службена употреба е и турскиот јазик и неговото латинско писмо.

**Член 131**

Во јавните служби, јавните установи и јавните претпријатија што ги основала општината и други јавни субјекти на подрачјето на општината во службена употреба се македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и турскиот јазик и неговото латинско писмо.

**Член 132**

Имињата на населените места во општината насловите на јавните служби и установи и јавните претпријатија што ги основала општината насловите на културните и образовните установи, натписите на претпријатијата и други јавни натписи се пишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на турски јазик и неговото латински писмо.

**Член 133**

Натписите на културните и образовните установи кои единствено служат за развивање и унапредување на културните и образовните цели на заедниците покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо и турскиот јазик и неговото латински писмо се пишуваат и на јазикот и писмото на заедницата која е помалку од 20% од жителите на општината, ако одлучи Советот на општината.

**Член 134**

За употреба на јазиците и писмата на кои зборуваат помалку од 20% од жителите на општината, одлучува Советот на Општина Маврово и Ростуше.

XVIII. ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ

**Член 135**

Иницијатива за изменување и дополнување на Статутот на Општината поже да поднесе член на Советот комисија на Советот и други субјекти.

По прифаќањето на иницијативата за изменување и дополнување на Статутот, Градоначалникот изготвува предлог на статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот.

**Член 136**

По иницијативата за изменување и дополнување на Статутот одлучува Советот.

Одлука за пристапување кон измени на Статутот донесува Советот на Општината со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Советот.

Измените на Статутот се донесени ако за нив гласале мнозинство членови на Советот на Општината.

XIX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 137**

Со влегување во сила на измените и дополнувањата на Статутот на Општина Маврово и Ростуше, престанува да важи Статутот на Општина Маврово и Ростуша (Службен гласник на Општина Маврово и Ростуша бр. 03/2006) а ќе се применува пречистениот текст на статутот на Општина Маврово и Ростуше.

**Член 138**

Измените и дополнувањата на статутот на Општина Маврово и Ростуше се составен дел на Статутот на Општина Маврово и Ростуше (Службен гласник на Општина Маврово и Ростуша број 03/2006) и влегуваат во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на Општина Маврово и Ростуше.

Број 01-116/16
31.03.2015 год.
Р о с т у ш е

Совет на Општина Маврово и Ростуше
П р е т с е д а т е л
Неџат Исмаили,с.р.